www.jub.eu

# JUB Магазин

Година VI
Број 10
Февруари 2013
ЈУБ дооел
Скопје



Вести

## JUB на саем во Скопје низ годините

Моја приказна

## Ликовни уметници во градежништвото

Разговаравме со...

## Како да задржи старинскиот изгед со нови градежни материјали



JUB МАГАЗИН
Бесплатен Информативен магазин на ЈУБ д.о.о.е.л Скопје
Од наш агол - саем за градежништво 2008
www.jub.eu
JUB Магазин
Нови производи:
Jubizol disperzna malta
Jubizol disperzno lepilo
SLOVENIA
2008
Во фокусот
Боење или уметност
ЈУБ интервју
www.jub.eu
JUB Магазин
Како да ...
Само системот
дава гаранции
LONG LIFE
www.jub.eu
JUB
Нови производи:
Fugalux,
Grascolor
Како да ...
Санација на распукани
ѕидни површини
www.jub.eu
JUB Магазин
Вести
Технолошко истражувачки
центар
Нови производи:
JUB profesional
JUB инспирира
JUB decor
ѕидни шаблони
www.jub.eu
JUB Магазин
Вести
JUB, Jupol и Jubin прпознатливи
марки во 2010
Нови производи:
Jupol Block, Glamour, Elakril и
JubolinP - 50
jupol
www.jub.eu
JUB Магазин
Актуелно:
Инвестиција и покрај кризата
Jub друженје:
Трговците во посета на
матичните фирми
Моја приказна:
Нешто ново:
Jub decor
www.jub.eu
JUB
Jumix
Нешто ново
Интервју
www.jub.eu
JUB Магазин
Jubizol Fasada
Топлотноизолациски систем
– 45 години
Нешто ново
Marmorin travertin
JUB интервју
Била - Битола



Содржина:


-Вовед ........................................................03

- Актуелно ... ................................................ 04

- Вести ........................................................ 06

-Моја приказна ............................................... 09

-Нови производи............................................. 11

-JUB Академија................................................14

-Од наш агол ..................................................16

-Разговаравме со...........................................22

-Совет ......................................................... 24

-JUB Инспирира...............................................26

-JUB дизајн студио ..........................................29



Издава Jub дооел - Скопје

Адреса бул. Јане Сандански бр.79а-3

Телефон 02/ 2454-027

E-mail jubmagazin@jub.com.mk

Уредник Катерина Бошкова

Редакциски одбор JUB дооел - Скопје

Дизајн Катерина Бошкова

Припрема и печати Макстен графика - Скопје


Вовед

Првото прашање за овој број на JUB Магазин е, со што ќе го привлечеме вашето внимание и во овој јубилеен 10 по ред број на нашето издание?

Како одговор ќе го добиете следново информирање за содржините во истиот и тоа: започнуваме со рубриката актуелно, каде е прикажан вториот реоденден на Jub Design Studioto. Во рубриката вести ќе ве потсетиме на нашиот изглед на саемите низ годините почнувајќи од 2006 година, па се до денес, како и потсетувањето дека овогодинешниот саем се одржува од 05 – 09.03.2013 год. во просториите на Скопски саем, на исто место од предходните години на почетокот на хала број II . За овој број на JUB Магазин, разговаравме со 4 млади и талентирани уметници од Тетово, кои со својата работа успеваат да ги оживеат површините кои ги изработуваат, при тоа не штедејќи ја својата идеа, работа и талент. Како нови производи се подобрената формула на производите Jupol и Jupol Brilijant, новите нијанси на производот Jupol Trend, новата амбалажа на производите: Marmorin, JUB Décor Glamour и JUB Décor Pearl, а како сосема нов производ е новиот Kulirplast со гранулација 1.8 и со нови 12 нијанси. Во продолжение на овој број на JUB Магазин е и информацијата за работењето на JUB Академијата, каде обука можат да добијат сите заинтересирани професионалци но и аматери. Дали сте знаеле дека и ние со нашите материјали заземавме учество при изградбата на Skopje Sity Mall? Доколку овој трговски центар го немате посетено до сега, ве советуваме истото да го направите веднаш. За тоа која термичка изолација е најеколошка ќе можете да се информирате во рубриката од наш агол, каде ви ги претставуваме неколкуте видови на еколошка термичка изолација. Дали знаете дека постои угостителски објект во Куманово, кој плени со својата гламурозност и удобност? Овој објект е целосно реновиран од фирмата Проспера и тоа ни помалку ни повеќе но со комплетен програм на JUB – ови материјали, посетете го и уверете се во истото. За тоа како да го освежите животниот простор оваа пролет ќе прочитате во рубриката совет, а како да ја искористите и искомбинирате виолетовата боја во вашиот дом, следи во рубриката JUB инспирира. За крај на овој број погледнете дел од нашите референци и изработки на Jub Design Studio.

Ве оставаме во добро здравје и одлично расположение, се гледаме на саемот на градежништво.

.

ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034

# Изложбено-продажниот салон во JUB Словенија - JUB Design Studio го прослави својот втор роденден

**Бесплатна обука за разни декоративни техники и други поволности за посетителите на JUB Design Studio-то**




Во Септември 2012 година, JUB Design Studio-то кое се наоѓа во JUB Словенија го прослави својот втор роденден, па за таа намена во JUB Словенија беа организирани многу интересни активности. Покрај бесплатните обуки кои се одвиваа во попладневните часови, за посетителите беше организирано и наградно извлекување, а изложбено-продажниот салон беше доопремен со нови примероци на декоративни техники, кои се сè попопуларни кај купувачите.

JUB Design Studio-то, кое делува во Дол кај Љубљана е изложбено-продажен салон, во кој е претставен широк асортиман на производи и услуги на претпријатието JUB. Во него посетителите можат да најдат многу креативни идеи за секој дом и оригинални решенија за заштита и декорирање на внатрешни ѕидни површини, фасадни површини, дрво и метал. На специјални паноа на извлекување се нанесени преку 350 нијанси по тон картата на JUB, што овозможува комплексно комбинирање на боите. Претставени се и најновите трендови во боите и модерните комбинации на бои.

Во галеријата на бои и декоративни малтери, претставени се преку 350 нијанси на бои и декоративни малтери по тон картата на JUB на поголеми површини, со што се олеснува претставувањето во просторот и помага при полесно одлучување при изборот на боите на завршниот фасаден слој.



Во галеријата на JUBIZOL фасадните системи се претставени разни топлотно-изолациски материјали кои се дел од JUBIZOL фасадниот систем, како и градежни детали со акцент на нивната изведба.

Најатрактивен детаљ е декоративното катче, кое вклучува претставување на декоративната обработка на површините, кое опфаќа приказ на производите: Marmorin (декоративен акрилен кит), кој е прикажан со различни техники на нанесување, Artcolor (декоративен гел) наменет за сликовити и фантазиски обработки на станбените ѕидни површини, Decoral (минерален декоративен малтер), Jubosil antik (фасадна боја наменета за декоративна обработка на фино или грубо малтерисани фасадни и внатрешни површини), Glamour (покривна металик ѕидна боја) и шаблоните.

За потполно опремување на домот, во JUB Design Studio-то имаме и катче за керамика, со програмот Hydrosol систем, во кое се претставени производи и системски решенија за хидроизолација на балкони, тераси, резервоари за вода вкопани во земја, санација на поплавени површини, санација на бањи, а програмот за ентериер и екстериер е заокружен со системот на производи за вградување на керамички плочки.

Во изложбениот салон посетителите можат сите информации да ги добијат на едно место и да си олеснат при изборот на комбинациите на бои за фасадата или за внатрешниот простор. Истовремено на посетителите им се на располагање совети од нашите архитекти, технички советници и продажниот персонал, кои на посетителите им помагаат при изборот на најсоодветните производи, а со тоа им помагаат и да ги реализираат своите идеи за опремување на домот.

Бесплатните попладневни обуки за декоративните техники се одржаа во есенските месеци 2012 година во JUB Design Studio-то, а истите беа содржински и практично прилагодени на сегментот „Направи сам". Приказот на техниките кои се овозможени од производите од JUB Decor линијата - Glamour, ArtColor, Marmorin, Jubosil Antik и нивните комбинации, му остава слобода на имагинацијата на создавањето на секој дури и помалку искусен домашен мајстор. Поради големиот број на техники и нивната обемност, термините за обука беа распоредени според видот на различните материјали. За обука се пријавија многу заинтересирани, а пријавувањето и распоредот на обуките се вршеше преку интернет страната www.jub.eu.



# JUB на саем во Скопје низ годините

**Компанијата JUB дооел Скопје, како фирма ќерка на JUB Словенија, уште од самото основање е активен учесник на саемот на градежништво и саемот на технома во Скопје. Во овој број на JUB Магазин сакам да го доловам растењето и напредувањето на изгледот на саемите низ годините.**

Од самиот почеток во 2006 година, JUB е активен излагач на саемот за градежништво кој со текот на годините се трансформираше од саем на градежништво со медицина и информатика во самостоен саем за градежни материјали. Во таа прва година нашиот штанд беше изработен во контекст на другите излагачи на саемот и се наоѓаше на излезот од третата хала.







Веќе наредната 2007 година, големината на нашиот штанд беше поголема од предходната, но изработката беше повторно во ист стил со останатите излагачи. За подобра комуникација со посетителите таа 2007 година, штандот беше поставен централно во третата хала.

Во 2008 година, одлучивме нашиот штанд да се разликува од останатите и успеавме во тоа. Иако бевме исто поставени во халата како и предходната 2007, со нашиот изглед ги воодушевивме посетителите, кои не останаа рамнодушни на нашата гламурозност во однос на другите присутни излагачи.



2009 година, со лансирањето на новите производи Jupol Trend и Jupol Junior, а во соработка со луѓето од компанијата Платформа од Скопје, поставивме неколку овални ѕидови на кои меѓу другите преоизводи беа поставени и овие два со пратечките елементи на налепници и бордури за детски соби. Морам да напоменам дека од овој саем, па се до денес, наши чести посетители, на наше големо задоволство се децата, кои се најискрени во своите констатации и забелешки. Положбата која ја одбравме тогаш е наша и ден денес на овој саем односно на самиот влез во втората хала.






Таа 2009 година, за прв пат со свој штанд земавме учество и на саемот Технома каде со помал штанд од оној на Градежништво бевме сместени во првата хала од саемот. И покрај ограничениот простор успеавме да се претставиме во полно светло и да придонесеме за разубавувањето и на оваа саемска манифестација.

Веќе во 2010 година, самиот саем на Градежништво доби поинаков изглед од предходните, тука веќе излагачите како нас се натпреваруваа меѓу себе кој и каков штанд ќе изработи, за да биде различен од другите и секако по впечатлив и попримамлив за посетителите. Ние таа година ги промовиравме новите производи за дрво и метал Jubin metal и Jubin Lazur, па нашиот штанд доби изглед на куќа со прекрасно уреден двор. Таа година JUB го славеше својот 135 ти роденден.






Истата 2010 година, учество земавме повторно на саемот Технома. На овој саем како нови производи во оваа година беа претставени шаблоните за внатрешни ѕидни површини, кои се со најразлични дезени и мотиви.




Во 2011 година, се направи нова амбалажа и етикета на сите производи на JUB, па така оваа година нашиот изглед беше поинаков од предходните, не беа претставени декоративните техники и материјали кои беа веќе познати на посетителите, затоа направивме музејска галерија каде ја изложивме новата амбалажа на производите, со цел нашите редовни корисници полесно да не препознаат во малопродажните објекти.




По две години учество на Технома, одлучивме дека на нас баш и не ни е местото на овој саем, па повторно со посетителите на саемските манифестации се сретнавме на саемот за Градежништво 2012, каде направивме тонско претставување на дел од завршните малтери но и комплетно претставување на новите декоративни техники кои се преисутни на пазарот како дополнение на оние веќе постоечките и добро познатите како на изведувачите, така и на инвеститорите. Нема да верувате колку со текот на годините се зголемува интересот за ваков вид на украсување на ѕидните површини.

Како ќе изгледаме оваа 2013 година? Е тоа ќе мора самите да го откриете, со тоа што ќе нé посетите на исто место на почетокот на втората хала и во исто време од 05 до 09 март 2013 година.
Морам да потенцирам дека од 2009 година за изгледот на нашиот штанд, задолжително се грижат луѓето од Платформа од Скопје, кои со нови идеи успеваат да ја реализираат нашата замисла.
Се гледаме наскоро....

# Ликовни уметници во градежништвото

**По професија ликовни уметници, кои својот занает го имплементираат и во завршните работи од градежништвото, како за внатрешна декорација на ѕидни и тавански површини така и во фасадниот изглед на објектите.**

Овој тим е составен од 4 млади и талентирани уметници и тоа, јас Јакуп Ахмети, Енвер Селими, Абдула Асани и Ризван Мустафи. Сите се познаваме и соработуваме уште од времето кога бевме студенти, а идејата да работиме во тим се создаде кога добивме понуда за изведба на проект за декорирање на џамија во 2002 година. Овој предизвик го прифативме со голема одговорност, за да на крајот дојдеме до заклучок дека тимската работа дава подобри резултати, па одтогаш сите поголеми проекти ги работиме заедно.

Имаме декорирано повеќе од 10 џамии ширум Македонија, илустриравме 6 книги, а најголоем проект според нас е муралот т.е. монументалната изведба на фасадата на градинката во приватното училиште "Woodrow Wilson School" во Тетово.





Уште на самиот почеток на нашата заедничка соработка, почнавме да ги користиме JUB – овите материјали, кои ни се вклопуваат во сите начини на изработка на проектите, за внатрешни површини го користиме производот Jupol Gold, кој може да се нијансира во приближно 2.000 нијанси, а за надворешни површини го употребуваме производот Acrylcolor, кој покрај нијансите по тон карта го има и во златна, сребрена и бронзена варијанта.Овие материјали не само што ги користиме за изведба на внатрешна и надворешна употреба на објекти, туку постојано ни се во употреба и при сликањето на платно, кое сликање ние како уметници најчесто и го работиме.

Тоа исто така беше и предизвик за сите нас, бидејќи требаше целата фасада да се наслика со јунаци од цртаните филмови и да биде интересна како за малите деца кои треба да се најголем дел од денот присутни во објектот, така и за нивните родители, а воедно да создадеме приказна, која ке биде добро вклопена во целокупниот простор, при што целата површина од речиси 1000м2 треба да претставува една целина. Сериозно се зафативме со работа, ги работевме скиците и за 3 месеци на наше големо задоволство, целиот проект беше готов.



Со тек на времето и спознавајќи го асотриманот на JUB – овите материјали, почнавме да ги користиме и декоративните техники на овој производител, што ни отвара нов правец во уметноста. Од декоративните материјали најчесто го употребуваме производот Marmorin, со кој пак додаваме мермерен ефект во просторот. Со секој завршен проект сме сé поискусни во работењето и оставаме сé позадоволни лица на нашите клиенити, а сето тоа нé мотивира за поголема и поуспешна соработка меѓу нас самите.





Ваквиот начин на работа ќе продолжиме да го градиме и во иднина, а од голема помош ни се, како самите производи, така и луѓето од техничката служба во JUB, кои за сите нејаснотии и нови начини на работа навремено нé информираат.

Драги читатели, доколку се осмелите на ваков храбар чекор, се надеваме дека ќе нé контактирате. Нашиот контакт можете да го добиете доколку се јавите во JUB дооел Скопје.



# НОВИ ПРОИЗВОДИ

**На задоволство на многу изведувачи, трговци, и секако купувачи, JUB на пазарот од 01.03.2013 год. повторно ќе пласира неколку нови производи, а паралелно веќе ги подобри и формулациите на некои од добро познатите наши производи:**

JUPOL CLASSIC - НОВА ГЕНЕРАЦИЈА

Добро познатиот наш бренд Jupol Classic од почетокот на 2013 веќе е реформулиран, при што новата формула ќе ни овозможи:

- поголема ефикасност, односно 20% - 25% повеќе пребоена површина (до 100 m2 при двослојно нанесување со 15 lit. пакување),
- подобра покривност,
- полесна апликација,
- пофина структура и поубав изглед на филмот од бојата,
- разредување со вода до 15% со што постигнуваме подобро нанесување и развлекување на бојата без видливи траги од валјакот,
- задржување на својствата и конкурентските предности на Jupol Classic кои пазарот посебно ги цени.

Jupol Classic со новата подобрена формула веќе се полни во постоечката амбалажа со постојниот дизајн и со доплонителна ознака NQ на работ од кантата.







JUPOL BRILLIANT – НОВА ГЕНЕРАЦИЈА

Паралелно со Jupol Classic уште еден од нашите добро познати брендови JUPOL BRILLIANT ќе добие подобра формула, почнувајќи од 01.03.2013 год.

Новиот и подобрен JUPOL BRILLIANT ќе ги има следниве особини:

- поголема покривност (класа 1),
- нанесување само во еден слој,
- перивост (класа 2),
- сјај (мртво мат),
- пареопропусност (класа 1).

Заради рационализација на залихите кај трговците производот ќе има една база 1001, а базата 1000 ќе ги замени базите 1000 и 2000 со што ќе се добијат уште подобро покривни нијанси, но со некои ограничувања кај одредени темни нијанси кои ќе бидат дополнително дефинирани во техничките листови.

JUPOL TREND – 2 нови нијанси

Високопокривната боја JUPOL TREND оди во правец кон светлите нијанси и ќе биде збогатена со две нови пастелни нијанси “Sand” (песок) и “Old Wood”(старо дрво). На пазарот овие 2 нијанси ќе се појават од 01.03.2013 година.







JUB DECOR

Сите наши декоративни производи ќе бидат формулирани под заедничкиот бренд JUB decor, во нова редизајнирана амбалажа и со нови имиња кои дополнително ќе ја истакнат вредноста на производот, односно:

- декоративниот кит Marmorin во JUB decor Marmorin,
- заштитниот восок Marmorin emulzija во JUB decor Marmorin shine,
- декоративниот гел Artcolor во JUB decor Pearl,
- силикатната лазурна боја Jubosil Antik во Jub decor Antique,
- а покривната металик sидна боја JUB decor Glamour ќе го задржи постоечкиот комерцијален назив.




KULIRPLAST 1,8mm

Со цел да бидеме во чекор со трендовите, технологиите и потребите на нашите корисници и да понудиме материјал кој би ги задоволил критериумите за одличен сооднос помеѓу цената и квалитетот, JUB од 01.03.2013 год. на пазарот ќе ја претстави својата нова варијанта на Kulirplast, односно KULIRPLAST 1,8mm, со следниве особини:

- акрилен обоен мермерен малтер со гранулација од 1,8 mm,
- 12 нови нијанси разнобоен обоен мермерен гранулат, во склад со природата и околината,
- добра водоодбивност,
- висока цврстина,
- едноставна подготовка (минимално мешање, исто како кај пастозните малтери),
- измазнување само во една насока,
- долготрајна отпорност на алги и мувла,
- продолжено отворено време,
- потрошувачка: ~ 4kg/m$^2$,
- рок на траење: 18 месеци,
- соодветен за екстериер и интериер,



MARK ЛЕПИЛО ЗА СТИРОПОР

На пазарот од 01.03.2013 год. ќе се појави и уште еден нов производ од MARK економик линијата, односно лепило за стиропор кое ќе ги има следниве карактеристики:

- за лепење на плочи од експандиран полистирен,
- не е наменето за армирање!
- добар прием на сите минерални подлоги и на плочи од ЕПС,
- лесно вградување,
- содржи пигмент кој ќе го разликува од MARK Univerzalno lepilo ,
- рок на траење: 9 месеци,
- потрошувачка: 3,5 -5,0 kg/m2,
- пакување: 25 kg.




JUB Academy

## Календар на одржани презентации
## во периодот 09 - 12.2012

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
|---|---|---|---|---|
| 21.09.2012 | Зибинг | Порој - Тетово | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 28.09.2012 | Един Трејд | Лабуништа-Струга | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 10.10.2012 | Иве Трејд | Радовиш | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 17.10.2012 | JUB дооел (Евротек инженеринг) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 18.10.2012 | Колор Идеа | Прилеп | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 25.10.2012 | Тимекс | Штип | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 30.10.2012 | Шварц | Битола | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 07.11.2012 | Била | Битола | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 09.11.2012 | JUB дооел (Колор Тренд) | Скопје | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 20.11.2012 | ДОТ Архитекти | Скопје | архитекти | Внатрешен програм |

# Што значи поимот JUB Академија?

**Мало појаснување, JUB Академија е активност што се прави во и надвор од просториите на JUB. Тука се опфатени како презентациите, така и практичните обуки на мајстори, а и на похрабрите не мајстори кои сакаат со свои идеи и инспирации да го уредат својот простор за живеење.**

На наше големо задоволство ваквите активности се сé почести, тука луѓето се запознаваат со новите техники кои ние ги нудиме, а и совладуваат како тие правилно да се аплицираат на ѕидните површини и тоа сé со цел крајниот корисник на просторот кој се уредува да биде задоволен, но и воодушевен од просторот кој ќе го користи за живеење или работење.







Ваков тип на обуки и презентации не се прават само на надворешни членови, туку и на самите вработени во JUB, со цел самите тие да можат поблиску да ги претставаат производите на своите клиенти (изведувачи или инвеститори, па и трговци).

На овој тип на презентации и обуки се разгледуваат предностите или недостатоците на самите производи било тоа да се стари или нови и секако се даваат предлози за истите да се подобрат во однос на квалитетот или аплицирањето.



Овие презентации и обуки се бесплатни и достапни за сите.



# Скопје сити мол

**Трговскиот центар "Скопје сити мол", сместен во општина Карпош, е архитектонско и дизајнерско дело на Laguarda Low, интернационална архитектонска фирма со седиште во Далас, Тексас, САД. Основана во 2000 година, оваа компанија беше една од неколкуте странски компании, кои учествуваа на тендерот за проектирање на шопинг-центарот "Скопје сити мол".**

Инвестицијата на овој објект чини околу 70 милиони евра, а самиот трговскиот центар е составен од еден паркинг (подземно ниво) и три надземни ката со продавници и локали за разонода и забава. Менаџерскиот тим на "Балфин МК" заедно со локални архитекти директно учествуваа во креирањето на проектот, а сè со цел на Laguarda Low да им ги доближат навиките на локалното население имајќи го предвид фактот што "Скопје сити мол" е прв и единствен шопинг-центар од ваков тип во Македонија. Особено тешка задача беше да се имплементираат овие навики во објект од вакви размери. Имајќи го ова како цел, се создаде затворен простор кој беспрекорно функционира со надворешноста преку големиот број стаклени површини. Појдовна идеја беше да не се добие комплетно затворен објект туку напротив, огромна retail површина, чиј екстериер и ентериер ќе бидат во тесна корелација, со природна светлина преку големите стаклени површини. За изведба на конструкцијата е користен армирано-бетонски скелетон, конструктивен систем со модуларен распон од 8,1 метар и висина на надземните етажи од 6 метри.




Фундирањето е изведено во најголем дел како армирано-бетонски тракасти темели поради солидната носивост на почвата. Покривањето се врши со ПВЦ фолија на рамен кров, на кој се сместени најголемиот број технички простории. Стаклото како и кровната хидроизолација што се употребуваат на објектот, прв пат се произведени во ноември 2011 година. Овие уникатности го вбројуваат "Скопје сити мол" во јавни објекти кои овозможуваат максимална енергетска ефикасност.

Што се однесува до противпожарната заштита, преземени се сите активни и пасивни мерки за заштита на објектот, за кои и големите светски компании кои влегуваат во трговскиот центар имаат пофални зборови. Во градењето се оди дотаму што сите кабли поставени во трговскиот центар се halogen free, кои во случај на пожар не испуштаат отровни гасови. При изградбата на овој објект се користени најсовремени градежни материјали. Повеќето од нив за прв пат се употребени на овие простори, при што посебно внимание се однесува на начинот на нивната имплементација.






Така, секој материјал мора да биде изведен според системското решение на самите прозиводители, што значи дека и целата гаранција околу квалитетот на изведените работи е обврска на самиот испорачател на материјалите. Исто така, статичката и асеизмичката стабилност на објектот е доделена на овдешни проектанти, и е реализирана согласно правилниците, односно позитивните законски прописи на Република Македонија.

Во овој современ трговски центар кој има високи естетски и градежни достигнувања нашата компанијата ЈУБ со дел од нашите производи кои се во согласност со строгите критериуми на менаџментот на сити мол најдоа примена во самиот објект, како што се; Akril emulzija-акрилен основен премаз, Jubolin-Внатрешна маса за израмнување, Jupol Latex Saten-Сјајна латекс внатрешна боја, Akrylcolor-Акрилна фасадна боја, Takril-Акрилна боја за бетон, а во работните простории и малопродажбените дуќани се употребуваа повеќе производи од палетата на внатрешните бои и декоративна обработка.



# ЕКОЛОШКА ТЕРМИЧКА ИЗОЛАЦИЈА

**Добрата изолација освен на потрошувачкиот џеб, директно влијае и врз здравјето на луѓето, со посебен акцент на респираторните органи, со можност да предизвика астма, а со последните истражувања дури и рак. Затоа при изборот на типот на термичка изолација треба да се внимава на сите карактеристики, од генетиката на материјалите, нивниот процес на стареење, па сè до термичките карактеристики на секој материјал посебно.**

Во продолжение се претставени неколку видови на топлотна изолација кои во моментот се најупотребувани во светот.

Стаклена волна

Најчесто употребувана термичка изолација е стаклената волна спакувана во ролни или табли. Иако е најупотребуван материјал за изолација на резиденцијални објекти, нејзините негативни страни само што почнаа да се разоткриваат. Имено, овој тип на материјал, според некои истражувања, претставува вистински хазард по здравјето на луѓето неретко поврзуван со појавата на мувла и различни респираторни проблеми од испуштените честици кои летаат во воздухот. Сепак, мора да се напомене дека овој тип на термичка изолација претставува воедно и најевтиниот, а тоа го прави и најдостапен материјал за широка потрошувачка.



Целулоза

Овој тип на изолација практично претставува парченца ситно исецкана хартија (во чест случај весници) кои се вградуваат со помош на распрскувач. Оваа изолација претставува евтин, ефективен и лесен начин на добивање на добра термичка заштита на објектите, а воедно и како рециклиран материјал кореспондира со природата. Сепак, како негативни особини на оваа изолација се високо запаливите и водовпивателните карактеристики, со напомена дека хартијата претставува прилично позитивна средина за појава на штетници и мувла.





Полистирен

Овој тип на материјал има повеќе видови и подвидови, познати како експандиран или екструдиран полистирен, а кај луѓето познати како стиропор. Со мошне добри термички карактеристики и лесен за монтажа, овој вид на изолација е и економски доста исплатлив материјал за подобрување на термичките карактеристики на објектите. Сепак, дилеми постојат и овде, посебно за дел од компонентите што се употребуваат за производство на овие табли за изолација.

Рециклирани памучни материјали

Износените стари фармерки се еден од посовремените начини на изолација. Овој нов производ, моментално застапен само во САД, се состои од 100 % памучни рециклирани матријали кои немаат никакви споредни ефекти по здравјето на луѓето. Произведена во ролни, оваа изолација се инсталира брзо, без специјална опрема и не се потребни заштитни помагала. Сепак, поради џинсот т.е. потребната суровина која се употребува, оваа изолација има ограничено производство без можност да ги задоволи потребите на широката потрошувачка.









Волнена изолација

Со векови луѓето ги знаат поволните карактеристики на волнените материјали при правењето на облеката, но интересен е фактот што се чекало толку долго волната да се употреби и како термичка изолација на објектите. Од оваа перспектива, овој тип на "зелена" изолација е енергетски многу поволен, но овозможен само во земјите каде овчарството е поразвиено и со самото тоа се става на листата на скапи материјали за изолација.





Распрскувачка пена

Спреј пената при аплицирањето минува низ неколку фази, од течна состојба при прскањето, потоа експандира при што се пополнуваат сите отвори и пукнатини за на крај да премине во цврст отпорен материјал, со долг век на траење. Овој нов вид на изолација претставува еден од најсовремените начини за термичка заштита на објектите, кој е до четири пати поскап од конвенционалните (стаклената волна на пример), и за нејзино вградување се потребни посебно обучени кадри и специјализирана опрема. Со самото тоа можност за нејзина примена има во големите градежни компании кои инвестираат во нови технологии за градба.



Аерогел

Аерогелот е футуристична пена направена од гел во кој течната компонента од гелот е заменета со гас. Нејзините карактеристики се вчудоневидувачки. Освен извонредните термички карактеристики, оваа пена по стврднувањето има и високи јакости карактеритики. Како синтетички порозен материјал спаѓа во групата на ултра лесни материјали со густина до 10 $mg/sm^3$ (само за споредба, густината на воздухот изнесува околу 1,275 $mg/sm^3$) што значи дека значаен дел од овој материјал е всушност заробен воздух (во некои аерогелови достигнува дури и до 99 % воздух). Познат е под називите тврд воздух, замрзната пареа или пак плав чад, а се должат на неговата прозрачна природа и начинот на кој светлината се прекршува низ материјалот. Овој термоизолационен материјал е единствениот транспарентен материјал, кој во исто време и термички изолира и ја пропушта светлината, што значи и штеди енергија за осветлување. Поради овие карактеристики и соодветната јакост, доста е погоден за облагање на светларници, прозорци, па дури и градење на транслуцентни ѕидови или пак тавани. Како идеја прв пат се среќава во далечната 1931 година, кога по еден облог Самјуел Стефанс Кистлер се обидел течностите во желе бонбоните да ги замени со гас. Подоцна се развива цело ново истражување за полето на аерогеловите и на наногеловите. Денес ги има во повеќе варијанти, освен аерогелот како најшироко распространет, постојат наногелови на база на алуминиум, хром или јаглерод.

Ако аерогелот се разгледува од аспект на влијание врз здравјето на луѓето, овој производ не е далеку од стаклената волна. Сепак, ова е разрешено со негово обвиткување – препакување со поликарбонатни панели, кои се безбедни за работа како и по однос на човековото здравје. Со сите овие карактеристики, може да се каже дека аерогелот претставува револуционерно решение за топлинска изолација, отворајќи нова ера во резиденцијалното живеење со многу повеќе светлина и без дополнителни грижи за штетните влијанија.



# Како да се заржи старинскиот изглед до новите градежни материјали

**Во овој број на JUB Магазин Ви го претставуваме објектот Terazza во Куманово кој е изработен целосно со JUB-ови материјали. За поблиску да Ви ја прикажеме оваа успешна приказна разговаравме со Кристијан Андреевски сопственик на фирмата Проспера, кој ја доби целосната доверба од сопствениците за комплетно реновирање на објектот.**

Кристијан раскажува дека првичната задача на Проспера беше да ги замени вратите и прозорците на објектот, заради подобрување на термичката и звучната изолоација бидејќи таа е и нивната основна дејност, но подоцна добија задача да го реновираат внатрешниот и надворешниот дел на објектот.



Ова беше голем предизвик за нас затоа што објектот датира од 1929 година и за тоа време слободно можеме да кажеме дека бил култен за постарата генерација, каде имало дневни и вечерни излегувања, односно во тоа време објектот фунционирал како ресторан. Наша задача беше како изведувачи да го вратиме стариот сјај на објектот и да го постигнеме истиот шарм. Имавме идеја да направиме модерен и трендовски изглед, но сепак да не се наруши стариот дух. Целта ни беше да се постигне преку ден да фунционира како ресторан, а навечер како ноќен клуб.




Барајќи производи кои ќе ни одговорат на барањата објектот преку ден да изгледа како ресторан а навечер како ноќен клуб заедно со архитектот Младен Думановски се обративме во JUB кој исто така ни помогна многу во реализацијата на овој проект со нивната стручна помош, од обука на мајсторите за декоративните техники кои се употребени на објектот, како и до предлози за идејното решение. Се одлучивме за JUB-овите техники и JUB-ови материјали поради нивниот квалитет и докажаната издржливост која одговара за угостителски објект од ваков тип.



На објектот се употребени JUB-овите техники Sahara и Versus за ентериерното уредување, кои придонесуваат за гламурозниот изглед внатре во објектот. За фасадниот дел сакавме да го задржиме старинскиот изглед, затоа ја употребивме техниката Jubosil Antik. Слободно можам да кажам дека го постигнавме ефектот да создадеме од една страна топол и пријатен амбиент преку ден и гламурозен клубски ефект за вечерните часови.

Сопствениците се задоволни со крајниот изглед на нивниот објект, а посебно ме радува и ми причинува задоволство тоа што гостите се чувствуваат удобно во објектот и даваат позитивни коментари за нашата работа.











# Како да го освежите животниот простор

**Со доаѓањето на пролетта, првите сончеви денови нé инспираираат да го „отвориме“ својот дом, да го проветриме истиот и да го ослободиме од застоената зимска атмосфера.**

Во тие моменти секако сакаме потполно да го обновиме својот дом, да ги замениме старите со нови работи, но за жал малку од нас имаат прилика и средства тоа да го направиме во целост. Меѓутоа постојат многу начини со малку средства и со користење на она што веќе го имаме, потполно да го измениме изгледот на својот дом и да си ги исполниме своите пролетни желби. Сé што ни е потребно е да ги активираме своите мисли.

1. Најнапред треба да се земе во предвид тоа што веќе го имате и да видите што од тоа може да искористите. Ако сакате да бојадисувате, доволно е да одвоите само нешто малку пари за да набавите бои дали се тоа дисирезии или полудисперзии, додека четките и валјаците можете да ги искористите оние кои веќе ги имате.

2. Бидете храбри и одберете смели и интензивни нијанси. Ништо не може да го промени вашиот простор како што тоа можат да го направат различните и доминантини бои. Во одбирањето на бојата можете да се водите од тоа која ви е омилена боја или која е трендовска боја за оваа година, но не е лошо да земете во предвид и уште некои дополнителни фактори.



JUB 5560 | JUB 1190 | MAN 1500 | JUB 1114

3. На пример, погледнете го просторот кој планирате да го боите и пронајдете ја бојата која доминира. Тоа може да ви претставува некоја ориентација во одбирањето на боите – одберете ја таа или некоја слична нијанса на истата, или пак потполно контрастна боја која се вклопува со доминантната боја во собата како на пример со мебелот или сл.

4. Она на што секако морате да обрнете внимание е психолошкото влијание на бојата на нас и на домашните. На пример, топлите бои како што се жолтата, портокаловата и црвената се одлични бои за простории во кои преку ден има најмногу луѓе како што се друштвените простории. Меѓутоа, на овие исти бои никако не им е место во кујната (особено портокаловата), бидејки позитивно влијаат на апетитот, па домашните можат да стават некој килограм повеќе на себе. Црвената боја е лош избор за спалната соба, затоа што премногу од црвената може да предизвика раздразливост и бес, па наместо страст, во вашата соба да ја поттикнете кавгата. Пастелните бои се познати по тоа што делуваат смирувачки, па од таму и се најчесто користени бои за спални соби, бањи, болници ....



JUB 5620 | JUB 4641 | JUB 2483 | JUB 2433

Премногу пастелни бои повторно можат да направат контра ефект и да ја поттикнат апатијата, безволноста, мрзливоста и преосетливоста.

5. Најдобра комбинација е логично да одберете 2 до 3 бои, кои би ги комбинирале во текот на боењето на просторот. За делење и разграничување помеѓу боите може да ви помогнат самолепливите креп траки или шаблоните, доколку сте покреативни.

6. Најефтино решение за обновување на стариот мебел е истиот да се претапацира во штоф со интересни бои. Ако ваквиот начин на обновување ви е премногу скап, едноставно направете преместување на мебелот во просторот и додадете неколку нови сегменти на истиот како на пример некои перничиња кои со боја и структура би „одскокнале" во просторот или едноставно прекријте го мебелот со нови навлаки.

7. Нови завеси можете и сами да си направите, а доколку се одлучите на такво нешто во изборот на материјали нема да имате ограничување.



JUB 5620 JUB 1092 JUB 2433



JUB 5540 JUB 1064 JUB 5520

8. Секако, во овој период ќе се одлучите и на перење на теписите, а еве ви предлог како истите да ви останат чисти до наредната зима – едноставно не ги користете во текот на пролетта и летото, како и во поголем период од есента. Грижливо спакувајте ги и складирајте ги во подрум или остава. Просторот без теписи делува поладно, а и секако тоа ви треба за предстојните топли денови, освен тоа просторот без теписи и полесно се чисти.

9. Доколку се одлучите на првата варијанта со пребојување на просторот ве советувам да ги посетите малопродажните места за бои каде ќе ги најдете JUB – овите материјли и со помош на тон картата која содржи 350 најразлични нијанси да одлучите која е ваша боја за оваа година, како и да ги погледнете декоративните техники што JUB ви ги нуди, за да добиете простор кој е само за вас и за никој друг, бидејќи истата не може да се повтори на друго место.

10. При одбирањето на тоа која боја би ја комбинирале со основната ве потсетувам да го посетите нашата интернет страница www.jub.eu каде со алатката на Jub design studio, ќе го добиете и предлогот од 6 нијанси кои можат да се искомбинираат со основната.

Среќно ......

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4590 | 4600 | 4610 | 5510 | 5520 | 5530 | 5540 | 5550 | 5560 | 5570 | 5580 | 5620 | 5630 |
| 4591 | 4601 | 4611 | 5511 | 5521 | 5531 | 5541 | 5551 | 5561 | 5571 | 5581 | 5621 | 5631 |
| 4592 | 4602 | 4612 | 5512 | 5522 | 5532 | 5542 | 5552 | 5562 | 5572 | 5582 | 5622 | 5632 |

** Печатените примероци се симболични и не ја прикажуваат вистинската конечна нијанса.*

# Инспирација во боја: виолетова

**Виолетовата боја е кралска боја. Мистериозната виолетова боја, асоцира на благородништво и духовност. Оваа боја има специјално, скоро свето место во природата: лавандата, орхидејата, лилјанот и љубичицата се често деликатни и се вбројуваат во вредните цветови од природата.**

Бидејќи виолетовата боја е направена од многу топли и многу ладни бои, ги има и едните и другите особини и се смета за идеална боја. Виолетовата боја може да ги забрза детските фантазии или креативноста на уметниците, но премногу виолетова може да резултира и со деперсија. Таа боја е препорачлива за луѓе кои бараат духовно исполнување. Се верува дека ако се опкружите со виолетова боја, ќе постигнете духовно исполнување. Оваа боја е добра за медитација.

Знаејќи дека виолетовата може да биде светла, што всушност и замиот збор violet значи – женственост и романса, или темна што дава длабочина и елегантен тон, би требало да одлучите кој ефект го сакате во својата соба. Во овој број ќе зборуваме за темната кралска виолетова боја, затоа што е премногу смела и ја покажува силната личност на сопственикот.



JUB 4290 JUB 4300 JUB 2293



JUB 3291 JUB 2293 JUB 2303

Секако дека сé зависи од вашиот вкус, но и од просторот кој го уредувате, ако сакате да изгледа кралски и таинствено, тогаш вашиот избор би требало да биде комплетно виолетова соба.

Во спротивно, ако сакате да додадете стилски и елегантни ноти во вашиот простор – виолетовиот таван или клупа би биле доволни.

Виолетова и бела. Многу "fancy" комбинација, ке направите собата да изгледа чисто. Белата ќе ја нагласи виолетовата, правејќи ја блескава.

Виолетова и крем (беж) боја се сметаат за земјена комбинација, конзервативна и таинствена во исто време. Беж, како неутрална боја, во комбинација со виолетовата ќе направи фин баланс во просторот.

Најголема кралска комбинација е виолетова и златна. Не само поради виолетовата, туку и поради златната која е боја на луксузот и богатството, така што оваа комбинација е најдобра за во спална соба.



Виолетова и жолта. Жолтата е сончева боја која ќе ја осветли собата, така што може да се користи, ако мислите дака вашата виолетова е премногу темна боја за просторот.

Комбинацијата на виолетова и залена е премногу храбра, која со сигурност ја покажува личноста на сопственикот. Експертите за боја кажуваат дека таа е пролетна комбинација која ќе ве развесели.

Виолетова и розева. Иако предходно е наведено дека виолетовата е кралска и таинствена, темно виолетовата може да биде женствена и тоа е тоа што ќе се добие со комбинирање на розевата боја. Ќе го задржите стилскиот изглед, но сепак ќе добиете женска соба.

Виолетова и црна, со оглед на тоа дека и двете бои се темни, би требало внимателно да се користат во просторот. Мала количина од двете бои е сосема доволно за да се добие класичен изглед. Ако едната од нив се употреби повеќе – просторот може да изгледа премногу темно.

Во последно време модерно е да се прават линии, така што кога оваа техника би се направила со виолетова боја, може да се искомбинира со многу други бои, при што ќе се добие изглед на модерен простор.

На вас останува да ја одберете бојата на вашиот дом, или дали тоа ќе биде светло или темно виолетово и во која комбинација. Сé треба да започне од дефинирање на личните потреби и вкусови, проследени со трендовските бои.



JUB 2294 | JUB 4290 | JUB 4280 | JUB 4300 | JUB 3281



JTR 70 | JUB 4300



JUB 4290 | JUB 1295

** Печатените примероци се симболични и не ја прикажуваат вистинската конечна нијанса.*



www.jub.eu

JUB Professional

# Хидроизолација за во купатило

## HYDROSOL sistem

**JUB дооел - Скопје**
бул. Јане Сандански бр.79а-3,
1000 Скопје, Македонија
**T:** 02/ 2454-027,
**E:** info@jub.com.mk

JUB
Создаваме обоена топлина во Вашиот дом

www.jub.eu

JUB DesignStudio

# Референци:

## Преглед на референтни објекти изработени во минатиот период

И во овој број на JUB магазин прикажуваме дел од референтните објекти каде правилно се вградени наши фасадни материјали.



Објект: Станбен комплекс "Гранд Престиж" Скопје, 2012 год.
(Revital Color AG нијанса1445)



Објект: Индивидуална куќа – Прилеп, 2012 год.
Jubizol стандард ( ATG 1.5mm 1495, ATG 1.5mm 4661 )



Објект: Индивидуална куќа – Скопје 2012 год.
Jubizol стандард (ATZ 2.0mm 1495, ATZ 2.0mm 1501)



Објект: Станбена зграда нас.Црниче - Скопје 2012 год.
MAZ 2.0mm - 1143, 1145

# JUB Design Studio

**Секако за крај на овој број на JUB Магазин, ја оставивме информацијата за нашата услуга која Ви ја нудиме, а тоа е изработката на Jub Design Studio.**

Кога ќе дојдете до завршната фаза на градба на објектот кој го градите и како полесно да ги одберете боите и нијансите на завршниот слој на малтерот кој што ќе ја отсликува душата на вашиот објект однатре, слободно можете да ни се обратите и да ги добиете советите од нашите колеги архитекти од JUB Дол при Љубљана, кои со своите идеи и Ваши замисли ќе се потрудат да ја доловат вашата идеа за тоа како би сакале да Ви изгледа домот однадвор.

Сé што треба да направите е следново:

- Фотографирајте го вашиот објект однадвор,
- Испратете ни ги фотографиите на e-mail: jub@jub.com.mk ,
- Испратете ни ги вашите идеи за нијансите и прекршувањата на фасадата,
- Бидете трпеливи 5 работни дена и ќе ја добиете Вашата замисла, на вашиот објект, како и нова идеја од нашите архитекти, како за изборот на нијанси, така и за прекршувањата на истите,
- На крајот набавете од нашите материјали за Jubizol фасада.

За да ви ја доловам целата оваа ситуација ќе ви прикажам едно идејно решение за фасада на индивидуална куќа во Скопје, каде на иницијатива на инвеститорот е побарано да се вметнат следниве нијанси:

За да го видите крајниот ефект од нашето работење во прилог е и веќе изработената фасада на истиот објект. Доколку Ви се допадна нашата идеја за ваша помош слободно може да ни се обратите во нашите канцеларии на бул. Јане Сандански бр.79а – 3, 1000 Скопје, како и на телефонскиот број: 02/ 2454 027.

Со надеж дека во најскоро време ќе исконтактираме, однапред се радуваме на нашата средба.







# Ново во JUB Македонија

**Кога некоја компанија го зголемува бројот на своите вработени, тоа значи дека истата добро работи и се стреми кон поголем успех во натамошното свое работење.**

Ние во нашиот состав го вбројуваме новиот член во тимот Ал Барагони Соубхи кој е на работна позиција Проектен менаџер. Како дипломиран инженер архитект, тој ќе биде задолжен за соработка со проектантски фирми, со цел да им олесни при изнаоѓањето на најсоодветни решенија и избор на најсоодветни материјали за одредени позиции при осмислувањето на објектите. Со оглед на неговата младост, полетност, а пред се стручност, се надеваме на исполнување на поставените цели и со таа намера му посакуваме успех во работењето.





# 15 литри ~ 100 m$^2$

20 % повеќе
ОБОЕНА ПОВРШИНА




# Обојте повеќе.

Новиот Jupol Classic со подобрена формула ви обезбедува подобар квалитет и подобра покривност, а од сега со 15 литри боја ќе можете да обоите и до 100 m$^2$ површина.

JUB